Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 23.12.2021

На 22.12.2021 во периодот од 13 до 16.50 часот, полициски службеници на СВР Тетово, со судски наредби за издржување на затворски казни, ги приведе З.Ј.(56) од Тетово, И.А.(24) од тетовско Долно Палчиште и Ф.Ц.(53) од тетовско Боговиње. Тројцата биле спроведени во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казните.

На 22.12.2021 околу 20.40 часот во колонијална продавница во тетовско Долно Палчиште, сопственост на 58-годишниот Т.Р. од ова село, пронајдени и одземени се 1380 разни видови пиротехнички средства. Претходно, околу 18.20 часот пред угостителски објект на Градскиот плоштад во Тетово биле пронајдени 691 парчиња петарди. По целосно расчистување на случаите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 22.12.2021 околу 11.20 часот на улица „Браќа Ѓиновски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 42-годишниот гостиварец М.Љ., затоа што кај него бил пронајден хероин. По целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 22.12.2021 во СВР Битола било пријавено дека во стопанскиот двор во ЗИК - Југ Пелагонија во с.Кременица била пронајдена граната 105 мм од Првата светска војна. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била безбедно подигната.

На 22.12.2021 околу 22.40 часот на улица „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ја лишиле од слобода 28-годишната М.И. од гостиварски Вруток поради сомнение за сторени кражби и измама. Таа е задржана во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот, по што против неа ќе следува поднесок.

На 22.12.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени вкупно 46 мерки од кои 31 мерки за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 15 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 22.12.2021 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 27 прекршоци, од кои 20 надвор од населено место и 7 во населено место.
Истиот ден во периодот од 07.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат непропису престигнување. Притоа, биле откриени 2 прекршоци и на возачите им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за некористење сигурносен појас, 3 за користење мобилен телефон и 2 за непропису паркирање.

На 22.12.2021 во 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" било донесено повредено лице од сообраќајна несреќа. Полициски службеници излегле на местото на настанот и било констатирано дека истиот ден на крстосницата од ул.„Бутелска" и ул.„Натанаил Кучевишки" А.Н.(84) од Скопје бил удрен од возило и откако возачот на самото место му укажал помош го напуштил местото. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.12.2021 во 13.20 часот во Полициската станица Аеродром, С.И.(19) од Скопје пријавила дека на ул.„23-ти Октомври" била касната од куче скитник.

На 22.12.2021 во 09.50 часот во Полициската станица Карпош, В.П.(66) од Скопје пријавила дека на ул.„Петар Чаулев" била касната од куче скитник.

На 22.12.2021 во 20.15 часот во Полициската станица Центар, Ф.А.(54) од Скопје пријавил дека на бул.„Кузман Јосифоски Питу" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (21.12/22.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се осум прекршоци.

Денеска (23.12.2021), полициски службеници од ОВР Гевгелија – Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода С.Г.(44) од с.Богородица, гевгелиско. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 228 семки од растението канабис и повеќе предмети со остатоци од прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 22.12.2021, полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобада Д.С.(32) од Виница. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе предмети со остатоци од повеќе видови наркотични средства. По комплетирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2021 во ОВР Струга бил приведен С.Ѓ.(36) од Охрид. При контрола во неговото возило „пежо" на ул.„ЈНА" во Струга, полициските службеници пронашле и одзеле метадон. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2021 во ОВР Кичево, по претходно барање од Основниот суд, приведен е Н.Ф. (55) од Кичево. Тој е предаден во Казнено - поправната установа „Затвор" - Битола на издржување затворска казна.

Денеска (23.12.2021) во периодот од 06.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. При контролата биле санкционирани 18 возачи (8 во Струмица, 6 во Радивиш и по 2 во Гевгелија и од Валандово). Од нив 10 управувале возило со брзина поголема од дозволената надвор од населено место и 8 во населено место.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.К.(40) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола во неговото возило, извршена на 30.07.2021 во кичевската населба „Иванидол", полициските службеници пронашле и одзеле хашиш.

На 22.12.2021 во 21.00 часот во СВР Скопје, М.С.(53) од Скопје пријавил дека околу 14.30 часот, додека бил на работното место во сопствената ветеринарна болница, бил физички нападнат од В.П., кој претходно земал храна за миленици без да ја плати. Според пријавеното, напаѓачот со тврд предмет оштетил и патничко возило „тојота", со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2021 во 18.20 часот во СВР Скопје, Б.С.(64) од с.Катланово, скопско, пријавила дека во с.Катланово била касната од куче скитник.

На 22.12.2021 во 07.50 часот во СВР Скопје, А.С.(37) од Скопје пријавила дека околу 06.30 часот на Меѓународен аеродром Скопје, по претходно недоразбирање, била физички нападната од А.С.(24) од с.Групчин, тетовско. Сочинет е записник за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 22.12.2021 во 12.00 часот во СВР Скопје, А.А.(53) од Скопје пријавил дека на ул. „Финска" бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје, У.Х.(42) од с.Сингелиќ, скопско, пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Гази Баба неговиот син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2021 во 19.30 часот во СВР Скопје, С.Ч.(62) од Скопје пријавил дека на ул. „Бутелска" бил каснат од куче скитник.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против К.Ф. (48) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 23.10.2021 на Граничен премин Табановце пријавената приложила фалсификуван ПЦР тест.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против С.Н. (52) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 27.10.2021 на Граничен премин Табановце пријавениот приложил фалсификуван ПЦР тест.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против С.М. (25) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 23.10.2021 на Граничен премин Табановце пријавениот приложил фалсификуван ПЦР тест.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет